Патот на вакцините до Северна Македонија

Известувачки период: 25 август до 23 септември 2021

# Целосно се вакцинирани 34% од населението

НВО ИНФОЦЕНТАР #КОВИДИМУНОМЕТАР

# СОДРЖИНА

1. Вовед ........................................................................................ 3

2. Извршно резиме........................................................................... 3

3. Колку луѓе треба да се вакцинираат? ............................................ 3

4. Колку луѓе се вакцинирани?........................................................... 4

5. Колку граѓани се вакцинирале во странство? ............................... 5

6. Колку вакцини се пристигнати? ...................................................... 5

## 1. Вовед

НВО Инфоцентаротот, во рамки на својата програма „Информации засновани на факти и транспарентност за успешна Ковид-19 имунизација", на неделна и месечна основа го следи процесот на вакцинација против Ковид-19 во Република Северна Македонија.

Главен акцент во следењето е ставен на текот, темпото и интензитетот на вакцинацијата на населението против Ковид-19, набавката и пристигнувањето на вакцините во државава, како и начинот и квалитетот на информирање на граѓаните за овој исклучително важен процес.

Овој извештај претставува пресек на најважните и клучни информации и достапни статистики поврзани со имунизацијата на населението против Ковид- 19, во периодот од 25 август до 23 септември 2021 година.

## 2. Извршно резиме

- 703.878 граѓани се целосно вакцинирани (34% од населението).
- 778.408 граѓани примиле барем една доза (37.6% од населението).
- Од 25 август заклучно со 23 септември, процентот на целосно вакцинирани се зголемил за речиси 10%, а на оние со една доза за 5%.
- 55% од населението над 40 години е вакцинирано со една доза вакцина.
- И натаму нема официјални податоци колку македонски граѓани се вакцинирале во странство.
- Министерството најави дека сите лица над 60 години, здравствените работници и најранливите категории ќе примат трета доза вакцина (исклучиво Фајзер).
- 22% од новозаразените со коронавирусот, 20% од хоспитализираните и 14% од починатите од Ковид-19, се вакцинирани.
- Досега се пристигнати вкупно 1.897.092 дози вакцини.
- Најзастапена е вакцината Фајзер (40.2%)

## 3. Колку луѓе треба да се вакцинираат?

За да се постигне колективен имунитет, според проценките на Владата, потребно е да се вакцинира 80 - 85% од населението.

Според најновите проценки на Државниот завод за статистика, заклучно со 2020, во државава вкупниот бројот на населението изнесува 2.068.808, а вкупниот број полнолетни граѓани е 1.669.010.

**4. Колку луѓе се вакцинирани?**

До 23 септември, според Министерството за здравство, аплицирани се вкупно 1.482.287 дози вакцини. Целосно се вакцинирани 703.878 граѓани граѓани (34% од населението).




Вкупниот број вакцинирани граѓани со една доза е 778.408 односно 37.6% од населението.




Од 25 август заклучно со 23 септември, процентот на целосно вакцинирани се зголемил за речиси 10%, а на оние со една доза за 5%.

Според Министерството, 55% од населението над 40 години и 31% од полнолетното население до 39 години, примило барем една доза вакцина.

Граѓаните без закажан термин се вакцинираат во постојните вакцинални пунктови, а децата од 12 до 18 годишна возраст се вакцинираат со согласност од родител.

На 23 септември, министерот за здравство, Венко Филипче, најави дека сите граѓани постари од 60 години, здравствени работници, независно од возраста и пациентите кои имаат трансплантации, дијализа или имаат имунокомпромитирана здравствена состојба, ќе добијат трета доза на вакцина, после 6 месеци од комплетна вакцинација.

Во изјава за медиумите, министерот Филипче истакна дека имунизацијата со трета доза ќе се врши исклучиво со вакцината Фајзер. Ваквата одлука е во насока на заштита на оние кои се најранливи и подложни на лоша клиничка слика при евентулано заразување од коронавирусот.

Според Министерството, во периодот од 6 август до 23 септември, 22% од новозаразените со коронавирусот, 20% од хоспитализираните и 14% од починатите од Ковид-19, биле вакцинирани. Починатите имале повеќе комбинирани хронични заболувања.

## 5. Колку граѓани се вакцинирале во странство?

И натаму нема официјални податоци за тоа колку македонски граѓани досега се вакцинирале во странство.

На прашањето какви чекори се преземени за да се добијат информации колку македонски граѓани се вакцинирале во странство, добивме одговор дека Министерството за здравство „во изминатиот период направи доста напори и се уште прави да добие официјални податоци за вакцинирани наши државјани во странство, но досега немаме добиено податоци“.

Едновремено, од Министерството не известија дека секој граѓанин кој се вакцинирал во странство, тоа може да го пријави кај својот матичен лекар за да биде внесено во базата на „Мој термин“.

## 6. Колку вакцини се пристигнати?

Во државава, според последните податоци од Министерството за здравство, до 23 септември, пристигнати се **вкупно 1.897.092** дози вакцини.

На 16 септември, пристигна донацијата од Бугарија од 51.480 дози Фајзер, со рок на траење до крајот на септември. Министерството за здравство се заблагодари за донацијата и извести дека сите дози Фајзер ќе бидат аплицирани во периодот до 30 септември 2021 година. Веднаш по пристигнувањето, 30.000 вакцини беа дистрибуирани до вакциналните пунктови во државава.

На 22 септември, преку Ковакс механизмот пристигнаа 110.612 дози Фајзер. Според Министерството, до крајот на годинава, преку Ковакс механизмот треба да пристигнат уште 100.000 дози Фајзер.




Најзастапена вакцина е Фајзер, потоа следат Синовак, Синофарм, Астра-Зенека, и Спутник В.




- Фајзер – 762.302 **(40.2%)**
- Синовак – 530.000 **(28%)**
- Синофарм – 302.000 **(15.9%)**
- Астра-Зенека – 256.800 **(13.5%)**
- Спутник В – 45.990 **(2.4%)**

***Хронологија на пристигнување на вакцините***

| Месец на пристигнување | Дози и видови вакцини |
|---|---|
| Септември | **246.332 Фајзер** |
| Август | **175.500 Фајзер** |
| Август | **58.400 Астра-Зенека** |
| Јули | **106.470 Фајзер** |
| Јули | **110.000 Астра-Зенека** |
| Јуни | **530.000 Синовак** |
| Јуни | **153.270 Фајзер** |
| Јуни | **20.000 Астра-Зенека** |
| Мај | **100.000 Синофарм** |
| Мај | **51.480 Фајзер** |
| Мај | **44.400 Астра-Зенека** |
| Април | **202.000 Синофарм** |
| Април | **39.990 Спутник В** |
| Април | **21.060 Фајзер** |
| Март | **6.000 Синофарм** |
| Март | **24.000 Астра-Зенека** |
| Февруари | **8.190 Фајзер** |